Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| Седмица: 8<br>Датум: | | | Тема: Број и решавање проблеми<br>Наставна единица: Множење и делење. Содржатели | | Одделение: V | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 5 мин.<br><br>5 мин.<br><br>5 мин.<br><br>10 мин.<br><br>10 мин.<br><br>5 мин. | Ги знае фактите за множење и делење со броеви од 2 до 10<br><br>Препознава содржатели на 6, 7, 8, 9 и 10.<br>Од веќе стекнатите знаења изведува нови заклучоци за решавање на проблемот.<br><br>Усно и писмено го образложува начинот на решавање и размислување; поставува хипотези (претпоставки) и ги проверува. | Знае факти за множење и делење со броеви од 2 до 10<br><br>Умее да препознава содржатели на 6, 7, 8, 9 и 10<br><br>Може усно и писмено да го образложува начинот на решавање и размислување; поставува хипотези (претпоставки) и ги проверува. | Повторување на таблицата множење и делење до 100. Интерактивен разговор за фактите на множењето и делењето, пр: 5 x 6 = 30, оттука 30 : 6 = 5 и 30 : 5 = 6.<br>Активност – работа во групи (секоја група добива целен број. Учениците работат заедно за да ги откријат сите начини да стигнат до тој број почнувајќи од 0 во еднакви скокови. На пример, ако одредениот целен број е 48, а членовите на групата би можеле да скокнат на 1, 2, 4, 6, 8, 12, 24 или 48. Секој член на групата избира свој број (тој може и да не биде множител) и истражува дали тој стигнува или не до целниот број во еднакви чекори. Објаснете дека ако тој стигнува до целниот број, тогаш тој број е множител на бројот, а ако не стигнува, не е. Постапката се повторува и обратно, пр. целен број е 36, а членовите на група би можење да скокаат по 4 чекори наназад. Насоки за препознавање на содржатели на броевите – кога два броја ќе се помножат, нивниот производ е содржател на броевите, пр. кои се содржатели на цифрата 5?<br>Барање од учениците да дадат множители од повеќе од еден број, на пр. 48 како содржател од 6 и 8.<br><br>Решавање на задачите од учебникот на стр. 27. | Ц<br><br><br><br><br>Г<br><br><br>И<br><br><br><br>Г | Препознавање содржатели на 6, 7, 8 и 9<br><br>Таблица множење и делење | Набљудување<br>Прашања и одговори<br>Дискусија<br>Точност на задачите |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Активно учество на целата паралелка, групна работа и индивидуална работа, диференцијација со насочена поддршка и преку проширување. | | | Учениците соодветно одговараа на дадените барања, таму каде што има потреба учениците од групата помагаат со насоки на наставникот.<br>Домашна работа / можност за проширување на знаењата: За тие ученици кои послабо напредуваат да одговорат на барањата од наставникот - решавање на задачи од учебникот на стр. 27.<br>Решавање на задачите од работната тетратка на стр. 34, 35 – за цела паралелка. | | Многу, групи од по... множи, множење, повторено собирање, помножено со... производ, содржател на множител (фактор), дели, делење, деливо (со), деливост, поделено со, поделено на, поделува, поделува еднакво, еднакво, групи од, инверзно/обратно, дигитрон, екран, внесува. | |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица: 8**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Делители** | | **Одделение: V** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 5 мин.<br><br>15 мин.<br><br>10 мин.<br><br>10 мин. | Одредува броеви деливи со 2, 5, 10 и 100.<br><br>Наоѓа делители на двоцифрени броеви.<br><br>Го користи множењето за да го провери резултатот од делењето.<br><br>Усно и писмено го образложува начинот на решавање и размислување;поста вува хипотези (претпоставки ) и ги проверува. | Умее да одреди броеви деливи со 2, 5, 10 и 100 и наоѓа делители надвоцифрени броеви.<br><br>Знае да користи множење за да го провери резултатот од делењето<br><br>Може усно и писмено го образложува начинот на решавање и размислување;поста вува хипотези (претпоставки ) и ги проверува. | Кажување на фактите за таблиците од страна на сите ученици во паралеката преку целни прашања, врз основа на множење како спротивна операција на делењето, на пр. колку е 40 : 5? Кои таблични факти ви помагаат во одговорот? (на пр. 8 x 5 = 40 и 5 x 8 = 40). Нагласете дека на пр. 8 и 5 се пар множители за 40. Објаснете им на учениците кое е значењето на правење проба за деливост. Притоа учениците го користат знаењето на фактите за множење за да ги идентификуваат шемите/моделите во одговорите (на пр. броеви кои се деливи со 2 завршуваат со 0, 2, 4, 6, 8). Како знаете/како можете да откриете дали еден број е делив со 2/5/10/100?<br>Проверете дали учениците разбираат дека еден цел број е делив со 100 ако последните 2 цифри се 00; еден број е делив со 5 ако последната цифра е 5 или 0; еден број е делив со 2 ако последниот број е парен.<br>Учениците придонесуваат за прикажување на двоцифрени множители, на пр. на нацртан цвет во средината е напишан множителот, а на цветните ливчиња се запишани множеници, или на нацртана гасеница со множители на главите и множеници како делови од телото.<br>Учениците го користат знаењето на фактите од таблиците (или горните прикази) за да ги најдат сите парови на множители за различни двоцифрени броеви (парови множители за 24 се 1 и 24, 2 и 12, 3 и 8, 4 и 6). Што е специфично за 16 и 25? | Ц<br><br>Ц<br><br>И<br><br>Г | http://www.mathwarehouse.com/arithmetic/numbers/divisibility- rules-and-tests.php | Набљудување<br>Прашања и одговори<br>Дискусија<br>Точност на задачите |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | Учениците соодветно одговараа на дадените барања, таму каде што имаше потреба учениците од групата помагаа со насоки на наставникот. | | Множи, множење, повторено собирање, помножено со... производ, содржател на, групи од. | |

obrazovanie.literatura.mk

Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица: 8**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Множење со 25** | | **Одделение: V** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br>15 мин.<br><br><br><br><br><br><br>15 мин. | Користи множители за извршување на операцијата множење, на пр. множи со 3, потоа удвојува за множење со 6.<br><br>Множи со 25 со користење на множење со 100 и делење со 4.<br><br>Од веќе стекнатите знаења изведува нови заклучоци за решавање на проблемот.<br><br>Усно и писмено го образложува начинот на решавање и размислување; поставува хипотези (претпоставки) и ги проверува. | Умее да множи со 25<br><br>Може да решава едноставни и посложени задачи (користејќи ги сите четири операции) и ги претставува, на пр. со дијаграм или на бројна права.<br><br>Знае да избира соодветна стратегија за пресметување и објаснува како дошол до резултатот. | Учениците го користат своето знаење за множењето за да пополнат мрежа за множење.<br>Учениците дискутираат во парови: Кои се множителите на 6? Како можеме да ги искористиме множителите на 6 за да множиме со 6? Проверете дали учениците разбираат дека множењето со 6 е исто како множење со 3, а потоа со 2 (т.е. удвојување). Во групи, учениците дискутираат и за други начини на користење множеници за множење и даваат повратни информации на класот.<br>Кои се паровите множители на 100? Кога учениците ќе ги набројат сите множители, посочете дека 25 x 4 = 100 и 100 : 4 = 25. Поттикнете ги групите да ги употребат тие факти за да се одлучат за стратегијата за множење со 25.<br>Нагласете дека множењето со 25 е исто со множењето со 100 и делењето со 4, на пр. 6 x 25 = 6 x (100 ÷ 4). | Ц<br><br>Ц<br><br>И<br><br><br>И<br><br><br>Ц | Пополнета мрежа за множењето<br><br>Учебник на стр. 35 | |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Активно учество на целата паралелка, групна работа и индивидуална работа, диференцијација со насочена поддршка и преку проширување (на оние ученици кои ја завршиле поставената активност и им е потребен поголем предизвик, им се даваат текстуални задачи). | | | Учениците земаа активно учество во извршување на активностите.<br>Проширување на знаењата / домашна задача: Да состават десет бројни изрази со множење со 25. | | Многу, групи на..., пати, помножи, множење, повторено собирање, помножено со, производ, содржател од... множител (фактор), додава/собира, одземи. | |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица: 8**<br>**Датум:** | | | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Множење со 19 или со 21** | | **Одделение: V** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br><br><br>15 мин.<br><br><br>15 мин. | Множи едноцифрен број со полна десетка до 90 или полна стотка до 900.<br><br>Множи со 19 или 21 со користење на множењето со 20.<br><br>Решава едноставни и посложени задачи (користејќи ги сите четири операции) и ги претставува, на пр. со дијаграм или на бројна права.<br><br>Избира соодветна стратегија за пресметување и објаснува како дошол до резултатот. | Умее да множи едноцифрен број со полна десетка до 90 или полна стотка до 900.<br><br>Умее да множи со 19 или 21 со користење на множењето со 20.<br><br>Може да решава едноставни и посложени задачи (користејќи ги сите четири операции) и ги претставува, на пр. со дијаграм или на бројна права.<br><br>Знае да избира соодветна стратегија за пресметување и објаснува како дошол до резултатот. | Повторување за множење едноцифрен број со 10 и други десетки, на пр. 20 x 9 = 9 x 20 = 9 x 2 x 10. Множење со стотки преку решавање на задачите од учебникот на стр. 88 – фронтално.<br><br>Насоки од страна на наставникот како множењето со 20 може да помогне при множењето со 19 и 21. Како ќе го поправите резултатот ако го имате резултатот од множење со 20? Вежби на табла.<br><br>Барање од учениците да одговараат на прашања поврзани со образовните цели и да ги изложат на таблата наречена покажи ми преку текстуални задачи, на пр. Денис патува 30 км до училиште и назад. Колку км поминува во патување до училиште и назад во текот на една недела?<br>Запишување заклучоци.<br><br>Решавање задачи од учебникот на стр. 37. Проверка на точноста на задачите. | Ц<br><br><br>Ц<br><br><br><br><br>И<br><br><br><br><br><br>И | Мали бели табли и маркери<br><br>Текстуални задачи | Набљудување<br><br>Прашања и одговори<br><br>Дискусија<br><br>Точност на задачите |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Активно учество на целата паралелка, групна работа и индивидуална работа, диференцијација со насочена поддршка и преку проширување (на оние ученици кои ја завршиле поставената активност и им е потребен поголем предизвик, им се даваат текстуални задачи). | | | Учениците земаа активно учество во извршување на активностите. | | Многу, групи на..., пати, помножи, множење, повторено собирање, помножено со, производ, содржател од... множител (фактор), додава/собира, одземи. | |

| **Седмица: 8**<br>**Датум:** | **Тема: Број и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Повторување за делење** | **Одделение: V** |
|---|---|---|

| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности – Опис** | **Активности – Организациони форми** | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 мин.<br><br><br><br><br><br><br>15 мин.<br><br><br><br><br><br><br><br>15 мин. | Решава голем проблем разложувајќи го на помали проблеми или го претставува користејќи дијаграми.<br><br>Избира соодветна стратегија за пресметување и објаснува како дошол до резултатот.<br><br>Проценува и ја определува приближната вредност при пресметувањата и го проверува резултатот.<br><br>Го користи множењето за да го провери резултатот од делењето.<br><br>Утврдува дали одговорот е разумен. | Умее да решава голем проблем разложувајќи го на помали проблеми или го претставува користејќи дијаграми.<br><br>Умее да избира соодветна стратегија за пресметување и објаснува како дошол до резултатот.<br><br>Може да процени и ја определува приближната вредност при пресметувањата и го проверува резултатот.<br><br>Знае да го користи множењето за да го провери резултатот од делењето.<br><br>Утврдува дали одговорот е разумен. | Поставување на проблемски задачи преку кои ќе се проверат учениците колку ги разбираат фактите за делење, стратегиите за делење и колку знаат за делење, на пример:<br>- Има 490 ученици во училиштето. Може ли да направиме тимови по 8 без некој да отпадне? Колку тимови ќе има?<br>- Дали 2400 се дели без остаток со 60? Како знаете?<br><br>Дискусија за дадените одговори, усна.<br><br>Текстуали задачи делење.<br><br>Проверка на точноста на задачите преку решавање индивидуално од страна на учениците на табла. | Ц<br><br><br>И<br><br><br><br><br>И Г И | Креирајте комплет соодветни задачи кои ќе бидат во контекст на училиште или град. Ова може да биде претставено на работна табела. | Прашања и одговори<br>Дискусија<br><br>Точност на задачите |

| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Активно учество на целата паралелка, групна работа и индивидуална работа, диференцијација со насочена поддршка и преку проширување (на оние ученици кои ја завршиле поставената активност и им е потребен поголем предизвик, им се даваат текстуални задачи). | Учениците соодветно одговараа на дадените барања, таму каде што имаше потреба учениците од групата помагаа со насоки на наставникот, дискутираат и разменуваат идеи за проблемите со кои се соочуваа при решавање на задачите. | Многу, групи на, пати, помножи, множење, повторено собирање, помножено со, производ, содржател од, множител (фактор). |

obrazovanie.literatura.mk